# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 18 Јули 2005 година<br>Службен гласник број 13<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА КОНСТАТИРАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ**

1. Решението за констатирање престанок на мандат, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -1333/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 46 став 2 алинеа 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 и член 34 став 2 алинеа 2 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат

1. Се констатира престанок на мандатот на Милан Башески, член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата СДСМ +, поради смрт на членот на Советот.

2. Мандатот на членот на Советот му престанува на 29.06.2005 година, односно со денот на настапувањето на смртта.

3. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1311/2 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ**

1. Решението за верификација на мандат, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/2 — ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на член 76 став 1 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ" бр. 45/2004 - пречистен текст) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за верификација на мандат

1. На Јагода Талеска и се верифицира мандатот на член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата СДСМ +, за остатокот на мандатот.

2. Свечената изјава, членот на Советот, ја потпишува пред претседателот на Советот.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето "Службен гласник на Општина Прилеп.

4. Решението да се достави до именованата, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1311/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНА ТОПОЛЧАНИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.03.2005 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната сметка за работа на Општина Тополчани за период од 01.01. до 31.03.2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната сметка за работата на Општина Тополчани за период од 01.01. до 31.03.2005 година

1. Се усвојува Годишната сметка за работата на Општина Тополчани за период од 01.01. до 31.03.2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНА ВИТОЛИШТЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.03.2005 ГОДИНА**

1. Решение за усвојување на Годишната сметка за работата на Општина Витолиште за период од 01.01. до 31.03.2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.7.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната сметка за работата на Општина Витолиште за период од 01.01. до 31.03.2005 година

1. Се усвојува Годишната сметка за работата на Општина Витолиште за период од 01.01. до 31.03.2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ И ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ - ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ - ПРВА ФАЗА: ЛОКАЛЕН МЕНАНЏМЕНТ НА ЧОВЕКОВИ РЕСУРСИ - БАЗА НА ПОДАТОЦИ**

1. Согласноста за прифаќање и партнерска соработка за реализација на Проектот - Локален економски развој - Прва фаза: Локален менанџмент на човекови ресурси - база на податоци, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 47, а во врска со член 14 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, претресувајќи го Проектот - Локален економски развој - И фаза Локален менаџмент на човекови ресурси - база на податоци, на седницата, одржана на 13.07.2005 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за прифаќање и партнерска соработка за реализација на Проект**

1. Се дава согласност за прифаќање и партнерска соработка за реализација на Проектот - Локален економски развој - И фаза Локален менаџмент на човекови ресурси - база на податоци.

2. Општината Прилеп ги превзема надлежностите за аплицирање и имплементација на Проектот.

3. За реализација на активностите по Проектот, Градоначалникот на Општина Прилеп ќе определи координатор и ќе формира работна група составена од (3) тројца претставници на невладините организации - иницијатори на Проектот: ОЖ "Перспектива", Европски центар за интеграција и ХО "Вистина" од Прилеп, претставник од Советот и претставник од општинската администрација.

4. Согласноста ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈРП НА ЛОКАЛНО НИВО - ЦПРТВ - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈРП на локално ниво - ЦПРТВ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, број 0206-119/2 од 01.07.2005 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп

("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ПУП**

1. Решението за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за ПУП, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за просторни и урбанистички планови - П р и л е п**

1. Со ова Решение се разрешува БРАНКО НЕШКОСКИ, член на Управниот одбор на ЈП за просторни и урбанистички планови - Прилеп, именуван со Решение број 07 - 672/18 од 13.05.2005 година.

2. За член на Управниот одбор на ЈП за просторни и урбанистички планови - Прилеп, претставник на Советот на Општината, се именува:

- БЛАЖЕ ВИШИНОСКИ.

3. Решението да се достави до именованиот, ЈП за просторни и урбанистички планови, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛУГИ - ВРЕМЕН ПАЗАР ВО НАСЕЛБАТА "ТОЧИЛА" - ПРИЛЕП**

1. Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги - времен пазар во населбата "Точила" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1333/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

По барање на жителите на населбата " Точила " а врз основа на член 13 и 14 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр. 6/2003 год.) и член 31 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002 год.) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 13.07.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за поставување опрема за комерцијални услуги времен пазар во населбата " Точила"

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува начинот на поставување и користење на мебел и опрема на изградена инфраструктура,за нормално функционирање на времен пазар.

**Член 2**

Под изградена инфраструктура са подразбира: плоштади, тротоари, пешачки улици и површини јавни пешачки површини).

**Член 3**

При поставување на мебел и опрема на јавни пешачки површини,мора да се обезбедат услови за непречено и безбедно одвивање на пешачкото движење.

**Член 4**

Мебелот и опремата што се користат за давање на комерцијални услуги на јавните пешачки површини не смееат да бидат прицврстени за подлогата за да не се оштетува и заради нивно лесно отстранување.

**Член 5**

Надлежниот орган издава дозвола за комерцијална употреба на јавна пешачка површина

Дозволата содржи

- назив и седиште на барателот
- времетраењето на важноста на дозволата
- опис на комерцијалната дејност за која се издава дозволата

- детален цртеж во размер 1: 50 со приказ на јавната јавната пешачка површина на која се дозволува вршење на дејноста и на сите елементи,мебел и опрема и начинот на нивното поставување .

**Член 6**

Издадената дозвола гласи на ЈП " Пазари" - Прилеп.

Дозволата не може да се пренесе на друго лице.

**Член 7**

Инспекциски надзор врз спроведување на оваа одлука врши Општинскиот инспекторат.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1311/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.07.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 50 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 47 став 1 алинеа 10 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Градоначалникот на Општина Прилеп на ден 18.07.2005 година, донесе:

### Р Е Ш Е Н И Е
### за определување координатор и формирање работна група

1. За реализација на активностите по Проектот - Локален економски развој - И фаза Локален менаџмент на човекови ресурси - база на податоци се определува координатор и се формира работна група.

2. За координатор на активностите на Проектот се определува М-р Татјана Јанкулоска.

3. За реализација на активностите по Проектот се формира работна група во состав:

- Панче Дамески, претставник на Советот на Општината:
- Александар Талимџиоски, претставник на општинската администрација;
- Чатлеска Горица, претставник на ОЖ "Перспектива" - Прилеп;
- Трајчевска Благица, претставник на ЕЦИ - Прилеп; и
- Наумоска Суза, претставник на ХО "Вистина" - Прилеп.

4. Задача на работната група е да изврши технички подготовки за апликација и ги превземи сите потребни понатамошни активности за реализација на Проектот, да го известува Градоначалникот и Советот за превземените активности и да превзема други активности во врска со реализацијата на Проектот.

5. Решението да се достави до именованите, невладините организации и архивата на Општина Прилеп.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 03 -1336/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
18.07.2005година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

**С О Д Р Ж И Н А**

**на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 13 од 18.07.2005 година**

1. Решението за констатирање престанок на мандат. ............................................**Стр.бр..1**

2. Решението за верификација на мандат..................................................................**Стр.бр..2**

3. Решението за усвојување на Годишната сметка за работа на Општина Тополчани за период од 01.01. до 31.03.2005 година..........................................................................................**Стр.бр. 2**

4. Решение за усвојување на Годишната сметка за работата на Општина Витолиште за период од 01.01. до 31.03.2005 година. ..........................................................................................**Стр.бр. 2**

5. Согласност за прифаќање и партнерска соработка за реализација на Проектот - Локален економски развој - Прва фаза: Локален менанџмент на човекови ресурси - база на податоци.........................................................................................................................**Стр.бр.. 3**

6. Решението за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈРП на локално ниво - ЦПРТВ - Прилеп. ............................................................**Стр.бр.3**

7. Решението за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП за ПУП.... ...........................................................................................................................................**Стр.бр. 4**

8. Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги - времен пазар во населбата "Точила" - Прилеп ........................................................................................................**Стр.бр.4**

**АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

**1. Решение за определување координатор и формирање работна група......... Стр.бр.5**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.